**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОБЈАВА**
**за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија**
**по пат на електронско јавно наддавање**
**во Општина Петровец**
**ОБЈАВА БР.68**
**14-2853/1**

## ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронското јавно наддавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со :

**Локално-урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени објекти на КП 1800, КП 1801, КП 1802, КП 1799, КП 1803, КП 1798, КП 1804, КП 1805, КП 1812/1, КП 1797, КП 1796, КП 1795, КП 1806, КП 1794, КП 1793, КО Средно Коњари, општина Петровец.Одобрена со Решение на Градоначалиник: бр.09-319/11 од 02.03.2021г.**

Согласно Табеларен преглед во кој се дадени податоци за градежните парцели, број на катастарските парцели опфатени со градежнита парцела, наменита, максимална висина на катност, вкупна површина на градежната парцела, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, максимална површина за градење, бруто развиена површина и банкарска гаранција.

**Табеларен преглед во прилог**:
Табеларен преeглед со нумерички податоци на ниво  на парцели во плански опфат

| Ред. бр. | Број на град. парц. | Намена на градежна парцела | Површина на градежна парцела ($м^2$) | Катастрски парцели во ГП | Површ на за градба во ГП ($м^2$) | Проц. на изград. (%) | Коеф. на искорист. (%) | Бруто разв. површ. ($м^2$) | Кат. | Максим. Височина | Почет. цена по $м^2$ (денар) | Вкупна Почетна цена (денари) | Висина на банкарска гаранција (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4. | А-1 домување во станбени куќи | 289,00 | КП 1802/2 КП 1812/27 КО Средно Коњари | 120,00 | 41,51 | 1,66 | 480,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 17.629,00 | 17.629,00 |
| 2. | 16. | А-1 домување во станбени куќи | 389,00 | КП 1799/3 КП 1812/41 КП 1812/40 КО Средно Коњари | 196,00 | 46,25 | 1,85 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 23.729,00 | 23,729,00 |
| 3. | 18. | А-1 домување во станбени куќи | 429,00 | КП 1799/5 КП 1812/43 КО Средно Коњари | 180,00 | 41,93 | 1,86 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 26.169,00 | 26,169,00 |
| 4. | 20. | А-1 домување во станбени куќи | 429,00 | КП 1812/45 КО Средно Коњари | 180,00 | 41,99 | 1,68 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 26.169,00 | 26.169,00 |
| 5. | 21. | А-1 домување во станбени куќи | 322,00 | КП 1803/7 КП 1812/46 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,25 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 19.642,00 | 19.642,00 |
| 6. | 22. | А-1 домување во станбени куќи | 430,00 | КП 1803/8 КП 1812/47 КО Средно Коњари | 180,00 | 41,87 | 1,67 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 26.230,00 | 26.230,00 |
| 7. | 12. | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1812/36 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,24 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | 14. | А-1 домување во станбени куќи | 300,00 | КП1812/38 КО Средно Коњари | 144,00 | 47,87 | 1,91 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.300,00 | 18.300,00 |
| 9. | 59. | А-1 домување во станбени куќи | 443,00 | КП 1805/11 КП1812/82 КО Средно Коњари | 180,00 | 40,67 | 1,63 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 27.023,00 | 27.023,00 |
| 10. | 61. | А-1 домување во станбени куќи | 443,00 | КП 1797/1 КП1805/13 КП 1812/84 КО Средно Коњари | 180,00 | 40,57 | 1,62 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 27.023,00 | 27.023,00 |
| 11. | 63. | А-1 домување во станбени куќи | 530,00 | КП 1797/2 КП 1796/2 КП 1795/1 КП 1812/86 КО Средно Коњари | 180,00 | 34,05 | 1,36 | 720,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 32.330,00 | 32.330,00 |
| 12. | 60. | А-1 домување во станбени куќи | 328,00 | КП 1805/12 КП1812/83 КО Средно Коњари | 144,00 | 43.88 | 1.76 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.008,00 | 20.008,00 |
| 13. | 56. | А-1 домување во станбени куќи | 348,00 | КП 1804/12 КП 1812/79 КО Средно Коњари | 144,00 | 41,36 | 1,65 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 21.228,00 | 21.228,00 |
| 14. | 31. | А-1 домување во станбени куќи | 310,00 | КП 1812/55 КО Средно Коњари | 144,00 | 46,38 | 1,86 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.910,00 | 18.910,00 |
| 15. | 33. | А-1 домување во станбени куќи | 314,00 | КП 1812/57 КО Средно Коњари | 144,00 | 45,82 | 1,83 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 19.154,00 | 19.154,00 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | 48. | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1812/71 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,24 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |
| 17. | 7. | А-1 домување во станбени куќи | 329,00 | КП 1812/29 КО Средно Коњари | 120,00 | 36,43 | 1,46 | 480,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.069,00 | 20.069,00 |
| 18. | 90. | А-1 домување во станбени куќи | 632,00 | КП 1812/126 КО Средно Коњари | 199,00 | 31,48 | 1,26 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 38.552,00 | 38.552,00 |
| 19. | 91. | А-1 домување во станбени куќи | 570,00 | КП 1812/127 КО Средно Коњари | 199,00 | 34,88 | 1,40 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 34.770,00 | 34.770,00 |
| 20. | 93. | А-1 домување во станбени куќи | 485,00 | КП1812/129 КО Средно Коњари | 199,00 | 41,00 | 1,64 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 29.585,00 | 29.585,00 |
| 21. | 94. | А-1 домување во станбени куќи | 618,00 | КП 1812/131 КО Средно Коњари | 199,00 | 32,21 | 1,29 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 37.698,00 | 37.698,00 |
| 22. | 95. | А-1 домување во станбени куќи | 684,00 | КП1812/132 КО Средно Коњари | 199,00 | 29,11 | 1,16 | 796,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 41.724,00 | 41.724,00 |
| 23. | 15. | А-1 домување во станбени куќи | 301,00 | КП 1812/39 КП 1799/2 КО Средно Коњари | 144,00 | 47,89 | 1,92 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 18.361,00 | 18.361,00 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24. | 17. | А-1 домување во станбени куќи | 333,00 | КП 1799/4<br><br>КП 1812/42 КО Средно Коњари | 144,00 | 43,26 | 1,73 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 20.313,00 | 20.313,00 |
| 25. | 36. | А-1 домување во станбени куќи | 382,00 | КП 1812/59 КП 1804/4 КО Средно Коњари | 144,00 | 37,66 | 1,51 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 23.302,00 | 23.302,00 |
| 26. | 37. | А-1 домување во станбени куќи | 380,00 | КП 1804/5 КП 1812/60 КО Средно Коњари | 144,00 | 37,89 | 1,52 | 576,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 23.180,00 | 23.180,00 |
| 27. | 80. | А-1 домување во станбени куќи | 562,00 | КП 1812/116 КО Средно Коњари | 175,00 | 31,13 | 1,25 | 700,00 | П+2+ Пк | 10,20 | 61,00 | 34.282,00 | 34.282,00 |

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

Сите домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на градежното земјиште на територијата на Република Северна Македонија согласно со законот кои ги исполнуваат условите дадени во објавата, односно:

1.Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската унија и на ОЕЦД, а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Македонија.

2.Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен  регистер на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на европската унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на европската унија и на ОЕЦД, а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

## УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Заинтересираните домашни и странски, физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање исклучиво во електронски форма преку информацискиот систем поставен на интернет страницата www.gradezno-zemjiste.mk со пополнување на електронски образец кој го потпишува со валиден дигитален сертификат, издаден од овластен издавач, за секоја градежна парцела поединечно во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава, податоци за подносителот на пријавата и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следниве докази (приложени во електронска форма во оригинал или фотокопии заверени на нотар и потпишани со дигитален потпис и полномошно на носителот на дигиталниот потпис заверено на нотар, за секоја градежна парцела одделно):

1. **Пополнета пријава во електронска форма од страна на подносителот на интернет странатa** www.gradezno-zemjiste.mk , во која се наведени податоците за што се однесува истата се доставува во прилог на пријавата.**Пријава од подносителот**, во која се наведени податоците за подносителот на пријавата, податоци за предметното градежно земјиште на кое се однесува пријавата и која документација се доставува во прилог на пријавата **(*истата треба да биде потпишана со електронски потпис).**
2. **Скенирана Банкарска гаранција за сериозност на понудата** во износ наведен во табеларниот преглед, за секоја градежна парцела поединечно од оваа објава, со рок до 24 (дваесет и четири) месеци од денот на објавувањето со која понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе ја плати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежното земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач.
   **Подносителот на пријавата има обврска банкарската гаранција да ја достави писмено преку Архивата на општина Петровец до ,,Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање на градежно земјиште,, во оргинал во затворен коверт со назанака ,,не отварај,, и се повикува на бројот на јавната објава заклучно со истекот на рокот за пријавување.**
3. **За физичките лица - Уверение за државјанство (во скенирана форма)-** (не постаро од 6 шест месеци).
4. **За правните лица доказ за Регистрација на правното лице од соодветен регистар – (во скенирана форма)** ( не постара од 30 (триесет) дена.
5. **Нотарски заверено полномошно во скенирана форма за полномошникот** што го претставува правното лице, доколку пријавата се поднесува преку полномошник.
6. **E-mail адреса на подносителот** на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање и која ќе служи за пристап на интернет станицата на која ќе се одвива електронското јавно наддавање за конкретната парцела. **(за подносителите на пријави кои ќе достават погрешна е-маил адреса, Општина Петровец нема обврска да прима и врши корекции на истата)**
7. **Изјава** со која подносителот ги прифаќа условите во објавата (потпишана со дигитален потпис).

**Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.**

**Подносителите на пријавите, задолжително треба да имаат електронски дигитален сертификат (електронски потпис) за да можат да поднесат пријава за учество на јавното наддавање и да учествуваат на истото.**

Доколку се учествува на електронско јавно наддавање на повеќе од една градежна парцела, се поплнува поединечна пријава за секоја градежна парцела, за што се доставува и посебна банкарска гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела посебно.

## ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежните парцели е наведена во Табеларниот преглед, каде за намена А-1 домување во куќи почетната цена изенасува 61,00 ден/ $м^2$.

## БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

1. Банкарската гаранција за сериозност на понудата е во износ кој за секоја градежна парцела поединечно утврдена во Табеларниот преглед на оваа објава.
2. Доставента банкарската гаранција за сериозност на понудата на најповолниот понудувач ќе биде активирана ако најповлониот понудувач не ги уплати средстватаво рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор и не достави до Комисијата доказ за извршена уплата на вкупната постигната цена на јавното наддавање и нема да се пристапи кон склучување на договор и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање.

## РОКОВИ

Пријавите за учество на јавното наддавање потпишани со дигитален потпис, заедно со целокупната потребна документација (скенирана и дигитално потпишана) по електронски пат можат да се достават до **27.11.2024** година до 15.00 часот, електронски на следната интернет страна: www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе се оддржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање ќе се одржи на **29.11.2024 година и истото ќе започне во:**

**ЗА ГП определена со ЛУПД**

- **9.00 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 1, ГП 4 и истото ќе трае 15 минути.**
- **9.15 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 2, ГП 16 и истото ќе трае 15 минути.**
- **9.30 часот за градежната парцели во Табеларниот преглед од реден број 3, ГП 18 и истото ќе трае 15 минути.**
- **9.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 4, ГП 20 и истото ќе трае 15 минути.**
- **10.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 5, ГП 21и истото ќе трае 15 минути.**

- **10.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 6, ГП 22 и истото ќе трае 15 минути.**
- **10.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 7, ГП 12 и истото ќе трае 15 минути.**
- **10.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 8, ГП 14 и истото ќе трае 15 минути.**
- **11.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 9, ГП 59 и истото ќе трае 15 минути.**
- **11.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 10, ГП 61 и истото ќе трае 15 минути.**
- **11.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 11, ГП 63 и истото ќе трае 15 минути.**
- **11.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 12, ГП 60 и истото ќе трае 15 минути.**
- **12.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 13, ГП 56 и истото ќе трае 15 минути.**
- **12.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 14, ГП 31 и истото ќе трае 15 минути.**
- **12.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 15, ГП 33 и истото ќе трае 15 минути.**
- **12.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 16, ГП 48 и истото ќе трае 15 минути.**
- **13.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 17, ГП 7 и истото ќе трае 15 минути.**
- **13.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 18, ГП 90 и истото ќе трае 15 минути.**
- **13.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 19, ГП 91 и истото ќе трае 15 минути.**
- **13.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 20, ГП 93 и истото ќе трае 15 минути.**
- **14.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 21, ГП 94 и истото ќе трае 15 минути.**
- **14.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 22, ГП 95 и истото ќе трае 15 минути.**
- **14.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 23, ГП 15 и истото ќе трае 15 минути.**
- **14.45 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 24, ГП 17 и истото ќе трае 15 минути.**
- **15.00 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 25, ГП 36 и истото ќе трае 15 минути.**
- **15.15 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 26, ГП 37 и истото ќе трае 15 минути.**
- **15.30 часот за градежната парцела во Табеларниот преглед од реден број 27, ГП 80 и истото ќе трае 15 минути.**

## ПОСТАПКА

1.Комисијата преку електронскиот систем при www.gradezno-zemjiste.mk ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација автоматски им доставува корисничко име и лозинка за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува Известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2.Подносителите на пријавите за да може да поднесат електронска пријава и да учествуваат на електронското јавно наддавање потребно е да имаат дигитален сертификат (потпис).

3.На денот на одржување на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата доставена во прилог на пријавата за учество на елетронското јавно наддавање.

4.Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање.

5.Електронското јавното наддавање го следи Комисија за спроведување на постапките за јавно наддавање, формирана од Градоначалникот на Општина Петровец.

6.Електронското јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

7. За градежните парцели со намена А-1 домување во станбени куќи наддавањето се врши "чекорно" со зголемување на вредноста со секој "чекор" не помалку од 10,00 денари во цели броеви без децимали.

8.Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа Објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Јавното наддавање се продолжува неограничен број пати се додека во истекот на последните две минути е дадена понуда од страна на учесниците.

9.За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

10.Учесникот на јавното наддавање кој понудил најголема цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

11.Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

12.По завршувањето на постапката за јавното наддавање, Комисијата е должна во рок од 3 (три) работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт-текстот на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

13.Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текстот на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во рок од 30 (триесет) дена од добивањето на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 (триесет) дена Државното правобранителство на Република Северна Македонија не достави мислење, ќе се смета за позитивно.

14.По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од 3(три) работни дена до најповолниот понудувач доставува Известување за избор на најповолен понудувач.

15.Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Известувањето дека е најповолен понудувач на јавното наддавање, да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето, да ги уплати трошоците на постапката во износ од 10% од банкарската гаранција за сериозност на понудата но не повеќе од 15.000,00 денари, да ги достави до Комисијата оригиналните докази приложени со пријавата и да достави доказ за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и уплатени трошоци на постапката.

16.Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето во утврдениот рок, не ги уплати трошоците на постапката во износ од 10% од банкарската гаранција за сериозност на понудата но не повеќе од 15.000,00 денари, не ги достави до Комисијата оригиналните докази приложени со пријавата и не достави доказ за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и уплатени трошоци на постапката, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

17.Доколку најповолниот понудувач ги уплати средства согласно постигнатата крајна цена од наддавањето во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор уплатените средства согласно постигнатата крајна цена не му се враќаат, ќе се смета дека градежното земјиште не е отуѓено, нема да се пристапи кон склучување на договор за отуѓување, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела.

18.По извршената уплата во утврдениот рок и доставата на оригиналните докази приложени со пријавата и доказот за извршена уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето за градежната парцела наведена во табеларниот преглед, Градоначалникот на општина Петровец во рок од 5 (пет) работни дена склучува договор со најповолниот понудувач за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Со договорот најповолниот понудувач (купувачот) се обврзува во рок од 9 (девет) месеци од извршената солемнизација на договорот за градежната парцела која што е со површина до 5.000 м², да обезбеди одобрение за градба на предвидениот објект согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено, односно во рок од 12 (дванаесет) месеци од извршената солемнизација на договорот за градежните објекти над 5.000 м² и да го изгради објектот согласно Урбанистичкиот по кој земјиштето е отуѓено. Со договорот најповолниот понудувач се обврзува да го изгради објектот согласно урбанистички план по кој земјиштето е отуѓено во рок согласно со одредбите од Законот за градење а согласно со категоризацијата на градба, во спротивно, доколку купувачот не извади одобрение за градење во предвидениот рок односно доколку објектот не се изгради во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање за предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање за предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.Неисполнувањето на овие обврски односно по паѓање во задоцнување со исполнување на овие обврски три месеци последователно од страна на купувачот претставува основ отуѓувачот по три месечни последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот односно да побара наплата на договорната казна и претставува основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето не му се враќаат на купувачот.

19.Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое е предмет на оваа објава се до исполнување на обврските од договорот не може да биде дел од стечајна маса.

20.Најповолниот понудувач (купувач) се обврзува да го плати данокот на промет на недвижности што ќе произлезе како обврска по склучениот Договор за отуѓување на градежното земјиште.

21.По склучувањето на договорот, општина Петровец во рок од 1 (еден) ден електронски го доставува до даночно одделение за утврдување на данокот на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 (петнаесет) дена од добивањето на решението за утврдување на данок на промет на недвижност да го плати данокот и да достави доказ за извршена уплата.

22.По доставување на доказ за извршена уплата на данокот на промет на недвижност, купувачот во рок од 30 (триесет) дена електронски го доставува договорот кај нотар заради спроведување на постапка за солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 (триесет) дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

23.Неисполнувањето на обврските од точките 21 и 22 од оваа Објава по вина на купувачот претставуваат основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната цена не му се враќаат на купувачот.

24.Во цената за отуѓување не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

25.Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности на Република Северна Македонија паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.Во случај на раскинување на договор по вина на купувачот, истиот е обврзан да плати данок на промет и нотарски трошоци.

26.Купувачот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да го пренесува на трети лица. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите. Неисполнувањето на оваа обврска преставува основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната цена не му се враќаат на купувачот.

27.Купувачот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее, без претходна согласност, да го заложува или на друг начин оптоварува земјиштето и објектите кои на истото ќе бидат изградени, се до завршувањето на градбата и бришење на прибелешката од точка 26 во јавните книги. Оваа забрана се прибележува во јавните книги.

28.Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од 3/(три) дена од денот на одржување на електронското јавно наддавање.Приговорот се поднесува во писмена форма до Комисијата, која е должна да одлучи со Решение во рок од 5/(пет) работни дена од приемот на истиот. Против Решението донесено од страна на комисијата со кое се одлучува по поднесен приговор странката има право да поднесе жалба во рок од 15/(петнаесет) дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

29.Во случај на грешка во преводот на албански јазик,во предвид ќе се земе објавата огласена на македонски јазик.

Оваа објава ќе биде објавена и на web-страната на Општина Петровец, www.petrovec.gov.mk .

**КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ**
**НА ПОСТАПКА ЗА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**